Добавувачот гарантира дека Предмер пресметката е изработена согласно со описот и цените прифатени со Рамковната спогодба.

## XI. ВИША СИЛА

Член 11

Набавувачот и Добавувачот се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон друга за губиток, повреда или неизвршување на одредбите одовој Договор кои се предизвикани од виша сила.
Под виша сила се подразбира се она што е регулирано со Закон за облигациони односи.
Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорна страна, во случај на стапување на виша сила во дејство и ќе договорат нови услови заисполнување или раскинување на Договорот.

## XII. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 12

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање, во спротивно ќе се решава пред Основен суд Скопје II .

## XIII. РАСКИНУВАЊЕ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

Член 13

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.
Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски ја раскинува спогодбата, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање, по писмен пат.

## XIV. КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

Член 14

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на оваа спогодба.

## XV. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

Член 15

За се што не е регулирано со оваа спогодба ќе се применуваат одредбите од Законот за Облигациони односи и позитивните законски прописи во Република Македонија.

## XVI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 16

Измени и дополни на Договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.
Договорот може да се менува со Анекс - Договор само во согласност со одредбите на Законот за јавни набавки и тендерската документација.

Член 17

Овој Договор е склучен во 6 ( шест ) истоветни примероци од кои по 4(четири) за Набавувачот и 2 (два) за Добавувачот

**ДОБАВУВАЧ:**

ДПТ МАКМОНТ ДООЕЛ СКОПЈЕ

-------------------------------------------

-------------------------------------------

**НАБАВУВАЧ:**

ЈЗУУ Клиника за Неврологија-Скопје

ВД.Директор

Д-р. Иван Барбов

-------------------------------------------

*Прилог:прифатена понуда*

*Оглас 14/2018*